# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2023 ГОДИНА



**Овој документ е подготвен во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).**

# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Овој документ е подготвен во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

# СОДРЖИНА


Зошто граѓански буџет? ______ 3

КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА? ______ 4

ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ? ______ 4

КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА? _ 5

КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ______ 5

КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ______ 7

КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА? ______ 9

ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД ______ 10

НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ ______ 11

КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ -ДОТАЦИИТЕ? 12

КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ? ______ 13

КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ? ______ 14

ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ ______ 20

КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ? ______ 21

КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ? ______ 25

# ЗОШТО ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ?

- ✓ Информирање на граѓаните за тоа како се собираат општинските приходи и како се трошат општинските средства.
- ✓ Едукација на граѓаните за клучните термини, принципи и начела поврзани со општинскиот буџет и локалните финансии.
- ✓ Зголемување на свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес на локално ниво.
- ✓ Поттикнување на поголема активност и учество на граѓаните во процесите на планирање и реализација на општинскиот буџет.
- ✓ Запознавање на граѓаните со донесениот БУЏЕТ ЗА 2023 год. и неговите основни карактеристики - структура – кои се и колкави се општинските приходи и каде општината планира да ги потроши јавнте ресурси.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?

- -Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- -Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- -Комунални дејности
- Култура
- -Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- -Образование
- -Здравствена заштита
- -Заштита и спасување
- -Противпожарна заштита
- -Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност
- Други надлежности определени со закон.

## ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ?

**Буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува** годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетот на локалната самоуправа ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа. Буџетирањето и техниките на финансиското планирање се клучни елементи во одржувањето на фискалниот интегритет на локалната самоуправа.

| Приходи | Расходи |
|---|---|
| - Даночни приходи | - Плати и надоместоци |
| - Неданочни приходи | - Резерви и недефинирани расходи |
| - Капитални приходи | - Стоки и услуги |
| - Трансфери и донации | - Камати |
| - Задолжување во земјата | - Субвенции и трансфери |
| - Задолжување во странство | - Социјални бенефиции |
| | - Капитални расходи |
| | - Отплата на главнина |

## КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА?

Градоначалникот и општинската администрација со цел утврдување на потребите на граѓаните а во наска на подготвување на општинси буџет кој би одговорал на утвдените потреби и приоритети првземаа повеќе активности како што се; посета на населени места и дискусија со граѓаните и бизнсите за поконкретно утврдување на нивните буџетски приоритети. Истао така општината има отворена политика за партиципација на граѓаните – во  определени денови во неделата може секој граѓанин на општината да дојде во просториите на општината и да ги сподели своите идеи, потреби и барања со одговонителе лца во опптината и Граданачалникот.

## КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

Ефикасното обезбедување и собирање на  општинските приходи се основа за обезбедувањето на потребните јавни добра и услуги на граѓаните на општината. Оттука во продолжение се претставени (нивната висина, процент на учество) основниот буџет на општината и дополнителните главни “потоци” на приливи во општинскиот буџет – сопствени приходи, дотации – централна власт, донации, задолжување итн.

БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Додека ОСНОВЕН БУЏЕТ на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за

финансирање на основните надлежности на општината. ДОТАЦИЈА преставува трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. Донација се строго наменски средства од донатори врз основа на склучен договор. Самофинансирачки активности се годишни приходи на буџетските корисници кои се  дополнителни на нивните основни законски активности.

### Табела 1. Приходи на општината (во денари и структура во %)

| Приходна сметка | Износ | Структура на приходи % |
|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 98425582 | 38,67 |
| Донации | 0 | 0,00 |
| Кредити | 0 | 0,00 |
| Самофинансирачки активности | 1000000 | 0,39 |
| Дотации | 155095000 | 60,94 |
| Вкупни приходи | 254520582 | 100 |

### Графикон 1. Структура на општинските приходи по видови сметки (во %)



## КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИТЕ во буџетот се даноците и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон, приливите што произлегува од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надомест за дадени добра или услуги, подароци, донации, спонзорства, субвенции и трансфери. Од посебна важност се СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ на општината кои вклучуваат локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.

Во продолжение се прикажани клучните извори на приходи кои општината планира да ги обезбеди во 2023 година. Највисок износ на приходи ќе се обезбедат од **Комунални такси за користење и одржување на јавно осветление** додека исто така соодветен износ на приходи ќе се обезбедат и од **15.006.480,00** денари. Во структурата на клучните приходи најголемо учество заземаат Трансферите и донациите **53.889.415,00 со 54.20 %**, додека даночните приходи учествуваат со **37.736.167,00 со 37.95%**, неданочните приходи со **3.470.000,00 со 3,49%**, а капиталните приходи со **4.330.000,00 со 4,36%**.

**Табела 2. Клучни приходи на општината согласно економската класификација (износ во денари и структура во %)**

| Видови на приход | Износ | Учество во вкупните приходи % |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 37736167 | 37,95 |
| Неданочни приходи | 3470000 | 3,49 |
| Капитални приходи | 4330000 | 4,36 |
| Трансфери и донации | 53889415 | 54,20 |
| Вкупно | 99425582 | 100,00 |

Графикон 2. Структура на приходи на општина според економската класификација (во %)



# КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?

Даночните приходи се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината, оттука во продолжение Ви претставуваме колкави износи на даночни приходи планира да собере општината во следната година. Исто така е претставена структурата која покажува кои даночни приходи е планирано да имаат најголем удел во општинските приходи.

**Табела 3. Клучни даночни приходи на општината (износ во денари и структура во %)**

| Видови даночни приходи | Износ | Учество во даночните приходи % |
|---|---|---|
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 4500000 | 11,92 |
| Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 15006480 | 39,77 |
| Данок на промет на недвижности | 6500000 | 17,22 |
| Данок на имот од физички лица | 3500000 | 9,27 |
| Данок на имот од правни лица | 400000 | 1,06 |
| Данок на наследство и подарок | 1800000 | 4,77 |
| Останати даночни приходи | 6029687 | 15,98 |
| Вкупно | 37736167 | 100 |

Најмногу **даночни приходи** општината планира да обезбеди од **Комунални такси за користење и одржување на јавно осветление**, додека најмало учество во даночните приходи зафаќаат **Данок на имот од правни лица**.

**Графикон 3. Даночни приходи на општина Теарце (во денари)**



## ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД

Даноците на имот се еден од најважните сопствени извори на приходи на општината. Планираната структура за 2023 година на посебните видови на Даноци на имот е прикажана во продолжение.

Највисока пропорција на приходи зафаќа данокот на промет на недвижности и права со 53% учество во вкупната вредност од даноците на имот.

**Графикон 4. Структура на даноците на имот во вкупните приходи по основ данок на имот на општина Теарце по видови (во %)**



## НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Неданочните приходи кои планира да ги собере општината во 2023 година се прикажани во продолжение. Најголем износ на неданочни приходи треба да бидат обезбедени од **Глоби, судски и административни такси**, додека најниска пропорција се очекува кај приходите од Други неданочни приходи со 20.65%.

### Табела 4. Видови неданочни приходи (износ во денари и структура во %)

| Вид на неданочни приходи | Износ | Учество во вкупните неданочни приходи % |
|---|---|---|
| Глоби, судски и административни такси | 1160000 | 46,96 |
| Приходи од закупнина на општински имот | 800000 | 32,39 |
| Дополнителни неданочни приходи | 510000 | 20,65 |
| Вкупно | 2470000 | 100 |

### Графикон 5. Видови неданочни приходи (структура во %)



# КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ - ДОТАЦИИТЕ?

Вредноста на главните видови на трансфери од централната власт е прикажана во продолжение. Највисок износ на трансфери е планиран за Блок дотации во износ од 155.095.000,00 додека пак, планираниот износ од трансферот од ДДВ изнесува 30.154.183,00. а за капитални трансфери 6.893.079,00денари

**Графикон 6. Видови на трансфери и донации (во денари)**




**Блок дотациите** за пренесени надлежности од централната власт се најзначајниот износ на трансфери кој го добива општината и со кој во значаен дел се финансираат пренесените надлежности за **образование,.Најголем износ од блок дотациите** се однесуваат за **Основното образование** и учествуваат во структурата со 100%,

**Табела Д.3. Структура на извори на финансирање на расходите за образование**

| Намена | Основен буџет | Донации | Самофинансирачки активности | Дотации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | 0 | 0 | 0 | 155095000 | 155095000 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 155095000 | 155095000 |

## КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Особено е важно каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е особено важно да бидат транспарентно преставени. Во продолжение се преставени **клучните расходи на општината за 2023 година**.

Во наредниот период најголем износ на расходи ќе се потрошат за Плати и надоместоци во износ од 170.549.282 денари, односно 67.01% од структурата на вкупните расходи, понатаму стоки и услуги во износ од 53.496.204,00денари односно21.02% од вкупните расходи .

Најнизок износ на расходи општината издвојува за Социјални бенефици, со 0,22% учество во вкупните расходи на општина 254.520.582,00.Во 2023 година капиталните расходи е предвидено да изнесуваат 26.479.096,00денари, односно да учествуваат со 10.40% во структурата на вкупните расходи. Најголем дел од капиталните расходи се планирани за реализирање на Други градежни објекти – изградба на улици, патишта и автопати.

| Расход на сметка | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 170549282 | 67,01 |
| Резерви и недефинирани расходи | 900000 | 0,35 |
| Стоки и услуги | 53496204 | 21,02 |
| Субвенции и трансфери | 2546000 | 1,00 |
| Социјални бенефиции | 550000 | 0,22 |
| Капитални расходи | 26479096 | 10,40 |
| Вкупно расходи | 254520582 | 100 |

**Графикон 9. Структура на расходи на општина Теарце по економска класификација (во %)**



# КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?

Во продолжение се претставени клучните планирани намени/распределба на општинските средства по секоја од надлежностите – услугите кои треба да ги добијат граѓаните.

Највисок износ на расходите од општинската сметка за издвојува за Основните Образование во износ од 156.095.000,00 денари, додека најнизок износ е издвоено за Програми за развој.

**Табела 6. Вкупни расходи на општина Теарце по одделни надлежности (во денари и структура во %)**

| Вкупни расходи на општините по одделни надлежности | Износ | Учество во вкупните расходи (во %) |
|---|---|---|
| А - Совет на општина | 4420000 | 1,74 |
| Д - Градоначалник | 3485000 | 1,37 |
| Е - Општинска администрација | 51437582 | 20,21 |
| Ф - Урбано планирање | 3000000 | 1,18 |
| Ј - Комунални дејност | 35200000 | 13,83 |
| К - Култура | 200000 | 0,08 |
| Л - Спорт и рекреација | 300000 | 0,12 |
| М - Програми за развој | 60000 | 0,02 |
| Н - Образование | 156095000 | 61,33 |
| Р - Заштита на животна средина | 250000 | 0,10 |
| Џ - Родова еднаквост | 73000 | 0,03 |
| Вкупно | 254520582 | 100 |




**Расходите** кои се одделуваат за **општинската администрација** се во износ од 51.437.582,00 денари, истите се наменети за 2.550.000,00ден. за комунални услуги,1.700.000,00денари за канцелариски материјали, 2.330.000,00денари за тековно одржување,2.550.000,00денари за купување на канцелариски мебел, опрема,машини, компјутерски софтвер и сл.).

**Табела 7. Расходи по програми по надлежност - Општинска администрација (во денари и структура во %)**

| Општинска администрација | Износ | Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %) |
|---|---|---|
| ЕО - Општинска администрација | 48887582 | 95 |
| ЕА - Капитални трошоци на општината | 2550000 | 5 |
| Вкупно | 51437582 | 100 |




Вкупните расходи кои се наменети за работата на **Градоначалникот** изнесуваат 3.485.000,00 денари и истите во себе вклучуваат 1.125.00,00денари за плати и надоместоци на градоначалникот, 900.000,00денари за тековна резерва на градоначалник, 350.000,00денари за стоки и услуги, 560.000,00 денари за трансфери, 550.000,00 ден за социјални бенефиции

Во расходите за програмите по надлежност на **урбанизам и урбанистичко планирање** највисок износ се издвојува за Договорните услуги за Урбанистичко планирање каде што се планирани/издвоени 3.000.000,00 денари, кои што имаат за цел да ги поддржат следните активности: Изработка на:

Урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место

**Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Урбанизам/урбанистичко планирање (износ во денари и структура во %)**

| Урбанистичко планирање | Износ | Учество во вкупните расходи од оваа надлежност |
|---|---|---|
| Ф1 - Урбанстичко планирање | 3000000 | 100 |
| Вкупно | 3000000 | 100 |

Расходите издвоени за к**омунални услуги** во износ од 35.200.000,00 денари, имаат за цел да ги помогнат активностите како: Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот 1.600.000,00, снабдување со вода 500.000,00, Изградба и реконструкција на локални патишта и улици 21.600.000,00, одржување јавно осветлување 10.000.000,00 и одржување на јавно зеленило 1.500.000,00 и тн.

**Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Комунални дејности (износ во денари и структура во %)**

| Комунални услуги | Износ | Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %) |
|---|---|---|
| Ј1-Снабдување со вода | 500000 | 1,42 |
| Ј3-Јавно осветлување | 10000000 | 28,41 |
| Ј6-Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот | 1600000 | 4,55 |
| Ј8-Други комунални услуги | 1500000 | 4,26 |
| ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21600000 | 61,36 |
| Вкупно | 35200000 | 100,00 |

| | Проекти за 2023 година | Краен рок за реализација | Износ (МКД) | Потенцијални корисници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба и реконструкција на локален пат во с. Теарце Р1203 - стара железничка станица ( дел ) | 11/1/2023 | 1,500,787 | Земјоделци, бизнис сектор, жители на с. Теарце |
| 2 | Изградба и реконструкција на локален пат во с. Глоѓи | 11/1/2023 | 4,000,000 | Жители на с. Глоѓи и околните населени места, бизнис сектор и земјоделци, ученици идр. |
| 3 | Реконструкција на зафат за вода - с. Доброште | 11/1/2023 | 1,392,292 | Жители на с. Доброште, ученици, стари лица идр. |
| | | **Вкупно** | **6,893,079** | |

Во расходите за **заштита на животната средина** на општина Теарце преовладуваат расходите за нови зелени површини

**Табела Д.5. Расходи по програми по надлежност - Заштита на животна средина**

| Заштита на животна средина | Вредност (во ден) | Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во%) |
|---|---|---|
| Р1-Заштита на животна средина и природа | 250000 | 100 |
| Вкупно | 250000 | 100 |

Во поглед на средствата кои се планираат за реализација на активности од **културата** истите може да се поделат на, активности поврзани со културни манифестации __ Финасиска подршка за манифестацијата со печалбарите „ТЕАРЦЕ СЛАВИ СО ПЕЧАЛБАРИТЕ“ во с.Теарце. со износ од 60.000,00ден. И други културни манифестаци

**Табела Д.7. Расходи по програми по надлежност - Култура**

| Култура | Вредност (во ден.) | Учество на расходите (во%) |
|---|---|---|
| К4-Културни манифестации и творештво | 200000 | 100 |
| Вкупно | 200000 | 100 |

**Графикон 13. Расходи по програми по надлежност – Култура (учество во %)**




Расходите за **спорт и рекреација** во прв ред се наменети за Средства за одржување на стадионите во Општина Теарце во износ од 100.000,00денари , издвојување средства за спортските клубови и финансиско потпомагање на талентирани спортисти и спортски настани, во износ од 200.000,00 денари.

**Табела Д.8. Расходи по програми надлежност - Спорт и рекреација**

| Спорт и рекреација | Износ | Структура |
|---|---|---|
| ЛО-Спорт и рекреација | 300000 | 100 |
| Вкупно | 300000 | 100 |

**Графикон 14. Расходи по програми по надлежност – Спорт и рекреација (учество во %)**




**Расходите** кои се одделуваат за **родовата еднаквост** се во износ од 73.000.00 денари, што изнесува 0.08% од вкупниот буџет распределен во програмата за еднакви можности. (овде општината посебно наведува доколку има/презема и други родово сензитивни мерки (активности) во рамките на други програми, наведува кои се тие програми/мерки/активности)

**Табела 10 - Расходи по програми по надлежност – Родова еднаквост (во денари и структура во %)**

| Противпожарна заштита | Износ | Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (%) |
|---|---|---|
| Џ-Родова еднаквост | 73000 | 100 |
| Вкупно | 73000 | 100 |

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ

**Во 2023 година приходите по глава на жител во општина Теарце ќе изнесуваат 5.563,00денари, што претставува пораст од 17 % во однос на нивниот износ во 2022 година.**

**Графикон 17. Приходи на општина по глава на жител (во денари)**



# КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?

Реализацијата на **општинскиот буџет** е важен индикатор кој е поврзан со остварување на планираните приходи и расходи во изминатиот период. Исто така ја покажува **очекуваната реализација/трендот на реализаија на општинските буџети**.

Во продолжение е прикажана реализацијата на **основниот (сопствениот) буџет** на општината и **вкупниот буџет на општината** и на страната на **приходите** и на страната на **расходите**.

Реализацијата на сопствените приходи во период 2018-2022 година забележува нагорен тренд

Вкупните приходи на општина Теарце во 2022 година изнесувале 226.261.554,00денари што означува пораст од 15% во споредба со 2021 година.

**Табела 11. Планирани и реализирани приходи на општините**

| **Приходна сметка** | | **Основен буџет** | | | **Вкупен приход** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Планиран износ** | **Реализиран износ** | **Реализација во %** | **Планиран износ** | **Реализиран износ** | **Реализација во %** |
| **2022** | 84210551 | 87951474 | 104 | 224998616 | 226261554 | 101 |
| **2021** | 79752834 | 67236355 | 84 | 214704834 | 197094219 | 92 |
| 2020 | 82631376 | 64869226 | 79 | 213788051 | 189541226 | 89 |
| 2019 | 93506425 | 65932031 | 71 | 206680425 | 176022031 | 85 |
| 2018 | 117875600 | 60649987 | 51 | 227208316 | 166655987 | 73 |

**Графикон 18. Планирани и реализирани вкупни приходи и приходи од основниот буџет за период 2018-2022 година (во денари и структура во %)**







Реализацијата на **вкупните расходи на општина** Tearce во 2022 година изнесува 97% што претставува пораст од 6 **процентни поени** во однос на 2021 година.

Вкупните расходи забележале намалување од 10,70% процентни поени.

**Табела 12. Планирани и реализирани вкупни расходи и расходи од основниот буџет за период 2018-2021 година**

| Расходна сметка | Основен буџет | | | Вкупен расход | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Планиран износ | Реализиран износ | Реализација во % | Планиран износ | Реализиран износ | Реализација во % |
| 2022 | 84210551 | 80786282 | 96 | 224998616 | 219029076 | 97 |
| **2021** | 79752834 | 67236355 | 84 | 214704834 | 195593529 | 91 |
| 2020 | 82631376 | 58186858 | 70 | 213788051 | 181460825 | 85 |
| 2019 | 93506425 | 65932031 | 71 | 206680425 | 173587979 | 84 |
| 2018 | 117875600 | 60452929 | 51 | 227208316 | 164296122 | 72 |

**Графикон 19. Планирани и реализирани вкупни расходи и расходи од основниот буџет за период 2018-2022 година (во денари и структура во %)**





Вкупни расходи на општината
250000000
200000000
150000000
100000000
50000000
0
120
100
80
60
40
20
0
224998616
219029076
214704834
195593529
213788051
181460825
206680425
173587979
227208316
164296122
97
91
85
84
72
2022
2021
2020
2019
2018
Вкупен расход Планиран износ
Вкупен расход Реализиран износ
Вкупен расход Реализација во %

# КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ?

## Кои се клучни буџетски документи?

- **Буџетскиот календар** ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите **активности** поврзани со подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација.
- **Буџетскиот циркулар** ги содржи инструкциите за изработка предлог-буџет од страна на буџетските корисници и го доставува Министерството за финансии.
- **Предлог-буџетот** е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.
- **Предлогот на планот на програмите за развој** ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.
- **Буџетот** е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.
- **Месечните извештаи** ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за којшто се однесува извештајниот период.
- **Кварталниот извештај К1** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за којшто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.
- **Кварталниот извештај К2** ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.
- **Кварталниот извештај К3** ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.
- **Полугодишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за којшто се однесува извештајниот период.
- **Годишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период.